Уп. бр. 08-1

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Корпорацијата Јагео, со седиште во 3Ф,233-1, Баокиао Роуд., област Ксиндиан., Њу Тајпеј Сити, Тајван, Република Кина, преку Адвокатско друштво Папазоски и Мишев од Скопје, на седницата одржана на ден 25..02.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која со која Корпорацијата Јагео, со седиште во 3Ф,233-1, Баокиао Роуд., област Ксиндиан., Њу Тајпеј Сити, Тајван, Република Кина стекнува контрола врз Корпорацијата КЕМЕТ, со адреса на седиште на Уан Ист Боуард Булевард, Апартман 500, Форт Лаудердал, ФЛ 33301, САД, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 02.01.2025 година, а дополнето на 29.01.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Корпорацијата Јагео, со седиште во 3Ф,233-1, Баокиао Роуд., област Ксиндиан., Њу Тајпеј Сити, Тајван, Република Кина со која Корпорацијата Јагео ќе стекне контрола над Корпорацијата КЕМЕТ, со адреса на седиште на Уан Ист Боуард Булевард, Апартман 500, Форт Лаудердал, ФЛ 33301, САД.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Корпорацијата Јагео** е лоциран во Тајван и е друштво кое е специјализирано за пасивни уреди - отпорници, кондензатори и индуктори.

Пред концентрацијата, групацијата на Корпорацијата Јагео не била присутна на пазарот во Северна Македонија, но оставрила приходи преку продажба на електронски компоненти.

**Корпорацијата КЕМЕТ**, е глобален производител на пасивни електронски компоненти кои се користат во различни индустрии, вклучувајќи автомобилска, комуникациска, компјутерска, индустриска, потрошувачка, воена и воздушна, медицинска и индустрија за алтернативна енергија.
Производите на групацијата Корпорацијата КЕМЕТ, вклучуваат повеќеслојни керамички, цврсти и електролитски алуминиумски и филмски кондензатори и електромагнети, сензори и актуатори.

Корпорацијата КЕМЕТ е присутно во Северна Македонија преку друштво во негова целосна индиректна сопственост, КЕМЕТ Електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје, со адреса на седиште на ул. Технолошка Индустриска Развојна зона бр. 1 ББ, Илинден, Северна Македонија, со дејност производство на пасивни еклектронски компоненти

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**